Врз основа на член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РСМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење движна ствар-патничко моторно возило на ЈП „Комунален сервис" Валандово**

**Член 1**

Со оваа одлука на ЈП „Комунален сервис" Валандово, се даваат на трајно користење, без надоместок, движни ствари сопственост на Општина Валандово и тоа:

- Патничко моторно возило марка ALFA ROMEO, тип 932, Комерцијална ознака ALFA ROMEO 156 SPORTWAGON, со регистарска ознака VA 2984 AB, идентификационен број на возилото ZAR93200001394778, идентификационен број на мотор 4906981, година на производство 2006, сила на моторот

110 KW, работна зафатнина на моторот 1910 $cm^3$, боја на возилото SIVA/MET/16, и

- Патничко моторно возило марка ZASTAVA, тип и Комерцијална ознака JUGO TEMPO 1.1, со регистарска ознака VA 0102 AB, идентификационен број на возилото VX1145A0001040843, идентификационен број на мотор 6381971, година на производство 1995, сила на моторот 40,6 KW, работна зафатнина на моторот 1116 $cm^3$, боја на возилото BELA/01.

**Член 2**

Примопредавањето на движните ствари од член 1 на оваа Одлука се врши врз основа на записник кој го потпишуваат претставник на Општина Валандово и претставник на ЈП „Комунален сервис" Валандово.

**Член 3**

Записникот од примопредавањето претставува основ за бришење на движните ствари од внатрешната евиденција на Општина Валандово, воспоставена согласно со сметководствените прописи.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово.

Бр.08-16/17 Совет на Општина Валандово
28.02.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства како финансиска поддршка на Општина Валандово во изградба на црквата „Рождество на Пресвета Богородица" во Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на средства како финансиска поддршка на Општина Валандово во изградба на црквата „Рождество на Пресвета Богородица" во Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр.09-228/18 Градоначалник
01.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства како финансиска поддршка на Општина Валандово во изградбата на црквата „Рождество на Пресвета Богородица" во Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, програма А0 Совет на општина, потставка 464 990 - Други трансфери, се одобруват средства во износ од 1.500.000,00 денари, финансиска поддршка на Општина Валандово во изградбата на црквата „Рождество на Пресвета Богородица" во Валандово.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука, ќе бидат преведени на инвеститорот Македонска православна црква-Охридска архиепископија-Повардарска православна епархија Велес, на сметка: МПЦ Повардарска Епархија, број на сметка: 210040688821710, депонет НЛБ Банка АД Скопје.

**Член 3**

Со донесувањето на оваа Одлука, се става вон сила Одлуката за одобрување на средства како финансиска поддршка на Општина Валандово во изградбата на црквата „Рождество на Пресвета Богородица" во Валандово бр.08-65/6 од 05.08.2021 година („Службен гласник на Општина Валандово" бр.7/21).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-16/18 Совет на Општина Валандово
28.02.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности во 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности во 2022 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр.09-228/19 Градоначалник
01.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на осмата редовна седница одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности во 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, се одобруваат средства за реализација на програмски активности во 2022 година, на следните Здруженија на граѓани:

- 90.000,00 денари на КУД „Гоце Делчев" Валандово.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463190 – останати трансфери до невладини организации, на сметка на корисникот 200000030026227 –депонент Стопанска Банка АД Скопје;

- 60.000,00 денари на КУД „Младост" Јосифово.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463190 – останати трансфери до невладини организации, на сметка на корисникот

20000004651336–депонент Стопанска Банка АД Скопје;

- 60.000,00 денари на ФК „Победа“ Валандово.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463120 –трансфери до спортски клубови, на сметка на корисникот 200001634535837 –депонент Стопанска Банка АД Скопје;

- 60.000,00 денари на ФК „Младост“ Удово.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463120 – трансфери до спортски клубови, на сметка на корисникот 200002512222489– депонент Стопанска Банка АД Скопје;

- 30.000,00 денари на ЗСК „Југо-Исток “ Струмица.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463190 – останати трансфери до невладини организации, на сметка на корисникот 300030000234144–депонент Комерцијална Банка АД Скопје;

**Член 2**

Корисниците од член 1 на оваа Одлука се должни, одобрените средства наменски да ги употребат и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација, да достават финансиски извештаи, со фотокопија од документацијата за намената за која ги имат искористено.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-16/19 Совет на Општина Валандово
28.02.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр.09-228/5 Градоначалник
01.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 34 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија” бр. 28/2003, 62/2006, 8/2009, 175/11 и 101/13), член 36 став 1 точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 32, 45 и член 47 став 1 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.20202 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово, евидентирани во Буџетот на Општина Валандово за 2021 година.

**Член 2**

Отписот и расходувањето на основните средства, опремата и ситниот инвентар се врши на предлог на Комисијата за вршење на попис на основните средства и ситен инвентар за 2021 година, поради нивна дотраеност или неупотребливост.

**Член 3**

Бројот и видот на отпишаните и расходувани основни средства, опрема и ситен инвентар се утврдува по спецификација, која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Отпишувањето и расходувањето на основните средства, опремата и ситниот инвентар ќе го изврши Комисија за вршење на отпис на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово, формирана од Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 5**

Комисијата за вршење на отпис на основни средства, опрема и ситен инвентар, сопственост на Општина Валандово, ќе изврши увид во фактичката состојба на основните средства, опремата и ситниот инвентар кои се предлагаат за отпишување и расходување.

Комисијата врз основа на утврдената фактичка состојба, ќе утврди како да се постапи понатаму со отпишаните и расходуваните основни средства, опрема и ситен инвентар (дали да се отуѓат по пат на продажба, се употребат за друга намена за потребите на општината или се уништат и исфлат на отпад).

За својата работа Комисијата составува Записник и истиот го доставува до Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 6**

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на утврдената вредност на отпишаните основни средства, опрема и ситен инвентар од Буџетот на Општина Валандово и истата ќе ја спроведе Одделението за финансиски прашања и јавни набавки

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово”.

Бр.08-16/5 Совет на Општина Валандово
28.02.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за разрешување и за избирање на претседател и на член на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за разрешување и за избирање на претседател и на член на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр.09-228/20 Градоначалник
01.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 42 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и за избирање на претседател и на член на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

**1.** Од претседател и од член на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, **се разрешуваат:**

**од претседател:**

- Надица Недиќ, на нејзино барање

**од член:**

- Мирјана Пеева

**2**. За претседател и за член на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, **се избираат:**

**за претседател:**

- Мирјана Пеева

**за член:**

- Надица Недиќ

**3.** Решението влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-16/20 Совет на Општина Валандово
28.02.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Општина Валандово за 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Општина Валандово за 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр.09-228/2 Градоначалник
01.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („службен весник на РМ“ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 53/21 и 150/21), член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 4, член 45 и 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот извештај на Општина Валандово за 2021 година**

**1**. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај на Општина Валандово за 2021 година.

Составен дел на годишниот извештај се:

- Вовед;
- Годишна сметка;
- Извештај за реализација на инвестиционните програми, наменските, капиталните и блок дотациите;
- Извештај за користење на финансиските средства од постојаната и тековна резерва и
- Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-16/2 Совет на Општина Валандово
28.02.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр.09-228/6 Градоначалник
01.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година**

**1**. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово го има усвоено на седницата одржана на ден 22.02.2022 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-16/6 Совет на Општина Валандово
28.02.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и

член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за.2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр.09-228/7 Градоначалник
01.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ"бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2021 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2021 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово го има усвоено со Одлука бр.02-125/3 од 22.02.2022 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-16/7 Совет на Општина Валандово
28.02.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за реализираната Годишна програма за работа на ЈОУ „Дом на културата „25-ти Мај" Валандово за 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализираната Годишна програма за работа на ЈОУ „Дом на културата „25-ти Мај" Валандово за 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр.09-228/8 Градоначалник
01.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 28 02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализираната Годишна програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај" Валандово за 2021 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализираната Годишна програма за работа на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај" Валандово за 2021 година, на кој Управниот одбор на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај" Валандово има дадено согласност со Одлука бр.02-9/1 од 24.01.2022 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-16/8 Совет на Општина Валандово
28.02.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа за 2022 година на ЈОУ „Дом на културата „25-ти Мај" Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Програмата за работа за 2022 година на ЈОУ „Дом на културата „25-ти Мај" Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр.09-228/9 Градоначалник
01.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 44 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 28 02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програмата за работа за 2022 година на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај" Валандово**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Програмата за работа за 2022 година на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај" Валандово, на која Управниот одбор на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај" Валандово има дадено согласност со Одлука бр.02-9/2 од 24.01.2022 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-16/9 Совет на Општина Валандово
28.02.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2022 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр.09-228/10 Градоначалник
01.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа за член 14 став 4 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/12, 187/13, 39/14, 42/14, 166/147, 44/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21), со член 22 став 1 точка 4 и член 62 во врска од Законот за локалната самоуправа патишта ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 12 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се утврдува обемот на работа, средствата за изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2022 година, нивниот распоред и начинот на користење.

**Член 2**

Изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта и улици, Општина Валандово во 2022 година ја планира на следниот начин и со следните средства:

**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

1. 720.193,93 евра во денарска противвредност (по Проект за изградба на локални улици и патишта на Министерството за транспорт и врски), со намена:
   - Изградба на ул. „Моша Пијаде" во с.Јосифово;
   - Продолжување со изградба на улица во Балинци, од раскрсница за црква накај горниот дел од селото;
   - Изградба на улица во Валандово, од населбата „Мечкин даб" до новите градски гробишта и крак со поврзување во Регионален пат Р 1105;
   - Изградба на втора фаза од пат за поврзување на населено место Горна Мала во Регионелан пат Р 1105.
2. - 2.850.000,00 денари (од Агенција за државни патишта)
   - 17.017.309,00 денари (13.126.000,00 денари за изградба, 3.891.309,00 денари за реконструкција, средства од Буџет на Општина Валандово),

   со намена за изградба и реконструкција на:
   - Улици во населените места во општината;
   - Улици во градот Валандово.

**ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ**

- 300.000,00 денари за одржување на улици и патишта (средства од Буџетот на Општина Валандово).

**НАДЗОР НАД ГРАДБИТЕ**

- 500.000,00 денари (средства од Буџетот на Општина Валандово).

**ЕКСПРОПРИЈАЦИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

- 100.000,00 денари (средства од Буџетот на Општина Валандово).

**Член 3**

Доколку во постапката за јаван набавка, за реализација на планираните изградби, се постигне пониска цена од висината на планираните средства со оваа програма и доколку во текот на годината се обезбедат дополнителни средства за изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово, соодветно ќе се изврши дополнување на оваа програма.

**Член 4**

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово"

Бр.08-16/10 Совет на Општина Валандово
28.02.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2022 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр.09-228/11 Градоначалник
01.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 14 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на осмата редовна седница, одржана на ден 28.02.2022 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2022 година**

Со Програмата се опфатени активностите на општината во 2022 година на планот на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на системи за водоснабдување на населените места и изградбата на фекални канализации во истите.

**ВАЛАНДОВО**

Канализација

Ќе се отпочне со изградба на пречистителна станица, со средства од донација.

**РАБРОВО**

Канализација

Ќе се продолжи со работите за изградба на канализациониот систем и тоа главен колектор, со должина од 1659м и секундарна мрежа со должина од 4.570 м.

Изведувач на работите е Конструктор ДОО Скопје.

Вкупната вредност на работите изнесува 33.906.228,00 денари, а средствата се обезбедени од Влада на РСМ.

**КАЛКОВО**

Водовод

Со средства обезбедени преку Европската Инвестициона Банка во износ од 61.186,00 ЕВРА (3.786.043,00 МКД), се планира изградба на каптажен зафат на изворската вода и нов резервоар со зафатнина на мокра комора од 150 кубни метри.

Со средства од Министерство за транспорт и врски во износ од 5.000.000,00 денари се планира изградба на доводен цевковод од резервоарот до секундарната мрежа во селото, со должина од 1072м.

**ГОРНА МАЛА**

Канализација

Ќе се изработи техничка документација за фекална канализација.

Свои инвестициони активности на планот на одржувањето и надградбата на водоснабдителните и канализационите системи во општината со кои управува ЈП Комунален сервис Валандово, ќе има и јавното претпријатие преку реализација на Програмата за работа и развој на претпријатието за 2022 година.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово"

| | |
|---|---|
| Бр.08-16/11 | Совет на Општина Валандово |
| 28.02.2022 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |